Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-380/2

31-05-2024 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-380/1 од 23.4.2024 година, поднесена од [redacted] од Скопје, со адреса на [redacted], против Министерство за финансии на Република Северна Македонија и Самостоен синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија, за извршена дискриминација во областа на работа и работни односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 14.5.2024 година, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ ОТФРЛА** претставката заведена под архивски број 08-380/1 од 23.4.2024 година поднесена од [redacted] против Министерство за финансии на Република Северна Македонија и Самостоен синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија **ПОРАДИ НЕНАДЛЕЖНОСТ**.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 23.4.2024 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од [redacted] против Министерство за финансии на Република Северна Македонија и Самостоен синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија (“**СОНК**”), за извршена дискриминација во областа на работата и работните односи.

Согласно наводите, подносителот на претставката пријавува нееднакво постапување кон административни службеници вработени во различни институции во јавниот сектор.
Имено, иако сите административни службеници вработени во јавниот сектор се вработуваат и треба да ги исполнуваат условите согласно Законот за административни службеници, сепак за исто работно место имаат различни плати, што подносителот смета дека претставува директна дискриминација сторена од страна на Министерството за финансии и СОНК.
Појаснува дека тој, како вработен административен службеник во основно училиште на работно место [redacted] денари согласно Колективниот договор за основно образование, за разлика од вработените во културата кои за исто работно место, а согласно Колективниот договор за култура, земаат плата во нето износ од [redacted] денари, што значи [redacted] повисока плата.
Смета дека сите вработени во јавниот сектор со исто звање, односно на исто работно место, кои се вработени под исти услови и чии работодавач е првенствено државата, треба да земаат иста плата.

Согласно **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**:
„*Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други*“.

Директната дискриминација е дефинирана во **член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, кој гласи:
„*Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа*“.

При увид во наводите од претставката, Комисијата констатира дека станува збор за прашања кои не потпаѓаат под горецитираната дефиниција на дискриминација.
Имено, за да постои дискриминација, потребно е да станува збор за нееднаков третман кон одредено лице или група на лица, во однос на друго лице или група во споредлива ситуација и притоа истото да е засновано на некоја дискриминаторска основа. Во конкретниот случај станува збор за два различни сектори, имено образование и култура, во кои на сила се два посебни колективни договори, при што не се применува принципот на „еднаква плата за еднаква работа" бидејќи не се работи за истата работа во истата организација. Следствено на ова, не станува збор за споредлива или слична ситуација, односно не постои соодветен компаратор.
Дополнително, разликата во плати во двата сектори не се заснова на некоја заштитна карактеристика, односно дискриминаторска основа, туку е последица на склучените посебни колективни договори, кои согласно член 206 став 1 од Законот за работните односи ги уредуваат правата и обврските на договорните страни кои го склучиле тој договор.

Врз основа на горенаведеното, согласно надлежностите од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката поради ненадлежност.

Скопје
31.5.2024 година

Комисија за спречување
и заштита од дискриминација
Претседател
Игор Јадровски

Доставено до:
- [redacted]